Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор ДПТУ ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ увоз извоз-Скопје застапувано од Хазис Руша и со Записник бр.ИП1 29-72 од 27.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 232 од став 2 точка 6 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021)донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) **СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДПТУ ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ увоз извоз-Скопје - асфалтна база Три Чешми м.в. Ежево Брдо Штип да поднесе барање за добивање на Дозвола за користење на води до МЖСПП.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на ова Решение, изнесува **30(триесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 232 став 1 Закон за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 03/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор ДПТУ ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ увоз извоз-Скопје -асфалтна база Три Чешми м.в. Ежево Брдо Штип и со Записник бр. ИП1 29-72 од 27.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

---

Извршен е редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДПТУ ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ увоз извоз-Скопје -асфалтна база Три Чешми м.в. Ежево Брдо Штип. Од увидот на локацијата е констатирано дека во моментот на назорот асвалтната база не работеше, последно производство било на 17.01.2026 годна. Во кругот на објектот има бунар за вода за кој правниот субјект не извести дека ја користи во процес на производство.

И не приложија Дозвола за користење на бунарски води;

---

---

---

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 232 став 1 од Законот за водите, а во врска со член 232 сав 2 од Законот за водите, се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.
**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1 29-72 од 27.01.2026**

М.П.

Државен инспектор за животна средина
**Зоран Стојнев**

---

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.